РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-16/3
26.02.2021 год.
Валандово

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („службен весник на РМ" бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 4, член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 26.02.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишниот Извештај**
**на Општина Валандово за 2020 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2020 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- Вовед;
- Годишна сметка;
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- Извештај за користење на финансиските средства од постојаната и тековна резерва и
- Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател
Владимир Марков

# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

## *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА*

# СОДРЖИНА

*1.Вовед*
***1.1. Основни податоци за Општината***
***1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот***

***2. Годишна сметка***
***2.1. Приходи на Општината***
***2.2. Расходи на Општината***

***3.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите***

***4. Извештај за користење на финансиските средства од постојана и тековна резерва***

*5. **Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка***

## 1.Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општината

Според податоците од последниот попис во Општина Валандово живеат 11.890 жители, од кои претежно македонци а живеат и турци, срби и роми.

Општината се простира на површина од 331 км2 и опфаќа 16 населени места.

Од буџетот на општината со втората фаза на децентрализација со средствата од блок дотациите се финансира работа на пет буџетски корисници и тоа:

1. ООУ ,,Јосип броз Тито " Валандово,
2. ООУ,, Страшо Пинџурс. Јосифово,
3. СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово,
4. ЈОУ ,,Детска градинка ,, Калинка" ,Валандово и
5. ЈОУ Дом на култура ,,25-ти Мај" Валандово.

### 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот

Буџетот на Општина Валандово за 2020 година е донесен на седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 30.12.2019 година. На истата седница е донесена и Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година.

Во текот на 2020 година донесена е една Измена и дополнување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година - Ребаланс и тоа на ден 22.06.2020 година.Ребаланс е донесен поради зголемување на рамка на Основен буџет и Буџет на дотации на Општината за планирање трошење на пренесеното салдо од 2019 година.

Советот на Општина Валандово има донесено една (една) Одлуки за проширување на средствата во буџетот на општина Валаландово и тоа на сметката на дотации поради зголемување на блок дотациа на Дом на култура 25-ти Мај Валандово за 2020 година донесена на седницата одржана на ден 30.10.2020 година и 4 (четири) Одлуки за измена на распоредот на средствата во Буџет на општината и тоа на седниците одржани на ден 14.08.2020 година, 23.09.2020 година, 30.10.2020 година и 30.11.2020 година.Промените се извршени во основниот Буџет, Буџет на самофинансирачки активности и буџет на дотации..

## *2. Годишна сметка*

### *2.1. Приходи на Општината*

*Буџетот на Општина Валандово за 2020 година се состои од :*

- *Основен буџет*
- *Дотации*
- *Приходи од самофинансирачки активности и*
- *Донации*

**Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи:**

| Сметки | Планирано | Реализирани | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 112.835.000 | 73.563.118 | 65,19 |
| Дотации | 134.349.000 | 123.450.984 | 91,89 |
| Самофинансирачки активности | 9.240.000 | 3.270.759 | 35,40 |
| Донации | 35.331.000 | 20.941.667 | 59,27 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **291.755.000** | **221.226.528** | **75,83** |

**а) Табеларен преглед на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово**

| Сметки | Реализирани приходи | % |
|---|---|---|
| Основен буџет | 73.563.118 | 33,30 |
| Дотации | 123.450.984 | 55,80 |
| Самофинансирачки активности | 3.270.759 | 1,50 |
| Донации | 20.941.667 | 9,40 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **221.226.528** | **100** |

***а) Графички приказ на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово***



***На сметката на Основниот Буџет на Општина Валандово планирани се и реализирани следниве приходи***

| ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **23.400.000** | **20.797.507** | **88,88** |
| 711 Данок од доход и од добивка | 1.750.000 | 1.949.840 | 111,42 |
| 713 Даноци на имот | 8.150.000 | 7.620.226 | 93,50 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 12.200.000 | 11.227.441 | 92,02 |
| 718 Такси за користење и дозволи за вршење на дејност | 1.300.000 | 0 | 0 |
| **72 Неданочни приходи** | **1.550.000** | **3.053.071** | **196,97** |
| 722 Глоби, судски и адми. такси | 300.000 | 189.300 | 63,10 |
| Административни такси и надоместици | 400.000 | 241.925 | 60,48 |
| 725 Други неданочни приходи | 850.000 | 2.621.846 | 308,45 |
| | | | |
| **73 Капитални приходи** | **25.531.000** | **6.144.514** | **24,07** |
| 731Продажба на капитални средства | 18.450.000 | 234.000 | 1,27 |
| 733 Продажба на зем и нем. вложувања | 7.081.000 | 5.910.514 | 83,47 |
| **74 Трансфери и донации** | **62.354.000** | **43.568.026** | **69,88** |
| 741 Трансфери од други нивоа на властаа | 62.354.000 | 43.568.026 | 69,88 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **112.835.000** | **73.563.118** | **65,19** |

*Од приложеното произлегува дека постојат поголеми отстапувања на реализираните во однос на планираните приходи, кај капитални приходи во ставка 731 и трансфери и донации во ставка 741 трансфери од други нивоа на власта.*

*Капитални приходи во ставка 731 планирана е продажба на собраниска зграда која не е извшена и од тие причини е низок процент на реализација.*
*Трансфери не се остварени во ставка 741 каде е планиран приход одобрен од Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој за финансирање конкретни проекти и тоа: за изградба на улица за поврзување на населено место Горна Мала Јосифово со регионален пат во износ од 15.808.637 денари и одобрени средства во износ од и 976.125 денари за реконструкција на полски пат Бајрамбос.*

## 2.2. Расходи на Општината

*Расходната страна на Буџетот на Општина Валандово, планирана е во согласност со законските прописи, програмското планирање како и потребите на Општината.*

*Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи по сметки*

| Сметки | Планирано | Реализирани | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 112.835.000 | 58.217.895 | 51,60 |
| Дотации | 134.349.000 | 121.406.423 | 90,40 |
| Самофинансирачки активности | 9.240.000 | 3.850.900 | 41,70 |
| Донации | 35.331.000 | 19.595.376 | 55,45 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **291.755.000** | **203.070.594** | **69,60** |

### а) Табеларен преглед на учество на извршени расходи по сметки во вкупните расходи во Буџетот на Општина Валандово

| Сметки | Реализирани расходи | % |
|---|---|---|
| Основен буџет | 58.217.895 | 28,65 |
| Дотации | 121.406.423 | 59,80 |
| Самофинансирачки активности | 3.850.900 | 1,90 |
| Донации | 19.595.376 | 9,65 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **203.070.594** | **100** |

*а) Графички приказ на учество на расходите по сметки во вкупно реализираните расходи во Буџетот на Општина Валандово*



## *Табеларен преглед на реализираните расходи во Основниот Буџет на Општина Валандово*

| РАСХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **40 Плати, наемнини и надоместоци** | **12.958.000** | **12.599.074** | **97,23** |
| 401 основни плати и надоместоци | 7.781.000 | 7.494.530 | 96,32 |
| 402 придонеси за социјално осигурување | 2.934.000 | 2.874.814 | 97,98 |
| 404 надоместоци | 2.243.000 | 2.229.730 | 99,41 |
| **41 резерви и недефинирани расходи** | **500.000** | **369.527** | **73,91** |
| 412 постојани резеви | 150.000 | 129.527 | 86,35 |
| 413 тековни резерви резеви | 350.000 | 240.000 | 68,57 |
| **42 стоки и услуги** | **26.199.000** | **20.960.575** | **80,00** |
| 420 патни и дневни расходи | 520.000 | 19.870 | 3,82 |
| 421 комунални услуги, греење, ком и транспорт | 7.595.000 | 6.229.740 | 82,02 |
| 423 ситен инвентар и резеревни материјали за поправки | 1.516.000 | 1.164.231 | 76,80 |
| 424 поправки и тековно оддржување | 5.359.000 | 3.751.722 | 70,01 |
| 425 договорни услуги | 5.082.000 | 3.961.913 | 77,96 |
| 426 други тековни расходи | 750.000 | 529.366 | 70,58 |
| 427 привремени вработувања | 5.377.000 | 5.303.733 | 98,64 |
| **46 субвенции и трансфери** | **5.288.000** | **2.226.495** | **42,10** |
| 461 субвенции за јавните претприј, | 300.000 | 112,080 | 37,36 |
| 462 субвенции за приватни претпр. | 200.000 | 0 | 0 |
| 463 трансвери до невладини органи. | 1.120.000 | 774.900 | 69,19 |
| 464 разни трансфери | 3.668.000 | 1.339.515 | 36,52 |
| **47 социјални бенифиции** | **700.000** | **619.249** | **88,46** |
| 471 социјални надоместоци | 700.000 | 619.249 | 88,46 |
| **48 капитални расходи** | **67.190.000** | **21.442.975** | **31,91** |
| 480 купување на опрема и машини | 2.600.000 | 2.537.075 | 97,58 |
| 481 градежни објекти | 0 | 0 | 0 |
| 482 други градежни објекти | 64.590.000 | 18.905.900 | 29,27 |
| 485 други недефинирани средства | 250.000 | 0 | 0 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | **112.835.000** | **58.217.895** | **51,60** |

*Во однос на вкупно реализирани расходи капиталните расходи учествуваат со најголем процент кој изнесува со 36,84%, потоа стоки и услуги со 36,00%, , платите и надоместоците со 21,65 %, субвенции и трансфери 3,82% социјалните бенифиции 1,06 % и резервите и недефинирани расходи 0,63% .*

*На крајот на буџетската година салдата на сметките во Буџетот изнесуваат:*

- *Салдото на сметката на Основниот Буџет изнесува 19.871.552 денари и се пренесува како прилив на Основниот Буџет во 2021 година.*
- *Салдото на сметката на Дотации изнесува 13.600.974 денари и се пренесува како прилив во буџет за дотации за 2021 година.*
- *Салдото на сметката на Самофинансирачки активности изнесува 1.072.091 денари и се пренесува како прилив во Буџет на самофинансирачки актно за 2021 година.*
- *Салдото на сметката на Донации изнесува 3.412.591 денари и се пренесува како прилив во Буџет на донации за 2021 година.*

### 3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

*Во рамките на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година реализирани се следниве инвестициони програми:*

*1.Во капиталната програма ЈД – изградба и реконструкција на локални улици и патишта со Развојната програма за 2020 година планирани се средства во износ од 46.420.000 денари а се реализирани во износ од 8.786.795 денари и тоа 3.202.432 денари за асфалтирање на ул. во Валандово, 413.772 денари за изработка и ревизија на основни проект за изградба и реконструкција на улици и патишта во општината, 1.122.711 денари за сообраќајно поврзување индустриска зона Раброво со регионален пат, 2.560.036 ДДВ обврска за изградба на ул Вардарска во с. Удово и 175.703 ДДВ обврска за реконструкција на полски пат во с. Бајрамбос, 1.135.330 денари за уредување пристап до дворови на булевар Првомајска во Валандово и 176.811 денари за надзор над изградб и реконструкција.*
*За ова програма се доставува посебен Извештај до Советот на Општина Валандово.*

*2. Во 2020 година за изградба на канализација во населеното место Брајковци и Балинци се реализирани 3.038.833 денари и 65.616 денари за надзор над изградба.*

3.За уредување на градежно земјиште на ул Првомајска пред скалеста зграда во Валандово реализирани се средства во износ од 1.002.264 денари.

4. Во 2020 година за реконструкција на дел од објектот на општината во с. Дедели со партерно уредување на простор пред објект исплатени се средства во износ од 1.227.381 денари, за реконструкција кров на Дом на култура во с. Собри во износ од 1.250.599 денари и за надзор 15.616 денари.Овие проекти се планирани и реализирани од програма КА -културни манифестации и творештво (капитални расходи).

5. Во програма ЈМ Паркови и зеленило реализирани се средства во износ 3.043.256 денари и тоа; за изградба парк во с.Удово реализиран расход изнесува 2.000.000 денари, за изградба парк во с. Пирава 585.320 денари и уредување на урбан простор во с. Пирава 448.300 денари и за надзор над градби во ова програма реализиран расход изнесува 9.636 денари.

6.За изработка на фасади на станбени згради во Валандово на ул Моша Пијаде реализирани се средства во износ од 428.340 денари.

7.За изработка на хидролошки и хидроулични пресметки извршена е исплата на средства во износ од 47.200 денари.

8. Во 2020 година за набавка на опрема од програма ЈН-Урбана опрема (капитални расходи) исплатени се средства во износ од 2.322.892 денари и тоа; за набавка на пластични контејнери за отпад за потребите на Јавно комунално претпријатије Комунален сервис Валандово во износ од 451.586 денари;478.608 денари за набавка и поставување на автобуски постројки во населени места; 495.600 денари за изработка на летниковци во населени места Раброво, Дедели Грчиште и Казандол; 897.098 денари за нисплата на сопствено учество за набавка на опрема за реализација на проект преку Југоисточно плански регион за урбано уредување на пешачка патека од Валандово до Плавуш.

9.За набавка на опрема за потребите на Општинска администрација во 2020 година реализиран е расход во износ од 214.183 денари и тоа за набавка на компјутерска опрема за потребите на Одделение за финансиски прашања и јавни набавки во износ од 168.683 денари и 45.500 денари за набавка клима уреди и една косачка. .

10. Во буџетот на донација во 2020 година планирани е проект и тоа:
-Проект Евалуација и мерливост на енергетска ефикасност со вредност на проект во износ од 1.500.000 еура со пет партнери од кои три од Република Грција и два од Република Македонија. Вредноста на проект на Општина Валандово изнесува 388.213 еура а е наменет за реконструкција и спроведување на мерки за енергетска ефикасност во Детска градинка Калинка Валандово. Во овој проект Општина Валандово е носител на проект а Општина Радовиш е проектен партнер со износ на проект во износ од 288.520 еура.Во 2018 година проект е реализиран во износ од

3.873.464 денари . Во 2019 година проект е реализиран и е исплатен во износ 8.125.700 денари.
Во 2020 година проект е реализиран во износ од 16.457.961 денари од кои на Општина Радовиш се трансферирани средства во износ од 6.888.660 денари

11. За исплата на платите на вработените и трошоците за тековно работење, во програмите Н1- основно образование, Н2-средно образование, В1- детска градинка, К1, К2 и К3- Дом на културата, се трансферирани средства во вид на блок дотација во износ од 118.677.321 денари, а се искористени средства во износ 116.632.760 денари.
Од средствата од блок дотации во 2020 година преку ставка капитални расходи реализирани се средства во износ од 8.071.719 денари и тоа:

Капитални расходи кај буџетскиот корисник Детска градинка Калинка Валандово изнесуваат 1.177.099 денари, реализирани се во износ од 303.088 денари за набавка на опрема за потребите на градинката, 428.930 денари за набавка на мебел и вгадување на ролетни во износ од 458.081 денари.

Капитални расходи реализирани во програма Н1- Основно образование изнесуваат 6.583.921 денари.Расходите се реализирани за набавка на компјутерска, канцеларијска и друга опрема во износ од 1.139.949 денари. За рекострукција на училишта реализирани расход изнесува 5.443.972 денари. Од страна на буџетски корисник ООУ Јосип Броз Тито Валандово во 2020 година извршена е санациа на кров и реконструкција на дел од кров, замена на џамови и врати на котлара и инсталација на нов систем на греање во ПУ во с. Чалакли, Во ПУ во с. Пирава извршено е поставување на ограда околу училишен двор и во ЦУ во Валандово извршрна е реконструкција во подрумски дел од училиште, во сала за состаноци како и наставничка канцеларија.
Во П.У во с. Марвинци извршена е замена на постојните со нови џамови.

Капитални расходи реализирани во програма Н2-Средно образование изнесуваат 310.699 денари и се однесуват на изградба комора за ладење и замрзнување во СОУ Гоце Делчев во Валандово.

12.Во програмата ЊО за исплата на плати н вработените во ТПЕ искористени се средства во износ од 4.773.663 денари, трансферирани на општината во вид на наменска дотација.

## 4. *Извештај за користење на финансиски средства од постојаната и тековната резерва*

- *Во Буџетот на општина Валандово за 2020 година планирани се средства за резерви во износ од 500.000 денари и тоа за постојана резерва 150.000 денари (која се наменети за отстранување на последиците од елементарните непогоди) и 350.000 денари за тековна резерва (за исплата на непредвидиви трошоци). Планираните средства од постојана и од тековната резерва се реализирани во износ од 369.527 денари и тоа:*

- *30.000 денари парична помош за санирање на последиците од пожарот на медијум од Струмица по Одлука донесена од Совет на Општина Валандово бр.08-34/11 од 29.04.2020 година.*
- *42.574 денари и персонален данок во износ од 4.731 денари за исплата на штета од елементарна непогода за пријавена а неисплатена штета на фамилија од с. Грчиште. Исплата е извршена по Одлука донесена од Совет на Општина Валандово бр.08-34/10 од 29.04.2020 година.*
- *20.000 денари зголемена за персонален данок од доход во изнес од 2.222 денари за надминување штета од пожар во семеен дом на фамилија од с. Грчиште, по Решение донесено од Градоначалник на Општина Валандово бр.09-64/23-1 од 08.04.2019 година.*
- *30.000 денари финансиска подршка на Центар за јавно здравље Струмица за набавка на ламинирана комора за побрзо тестирање за докажување на COVID-19 , по Решение донесено од Градоначалник на Општина Валандово бр.09-771/2 од 28.09.2020 година.*

- *200.000 денари со пресметан персонален данок за финансиска помош на фамилија од.с. Пирава за покривање трошоци за лекување во Турција по Одлука донесена од Совет на Општина Валандово број 08-103/11 од 30.11.2020 година.*

- *22.222 денари за парична помош за санирање на штети од поплави на фамилија од с. Удово, по Решение донесено од Градоначалник бр.09-64/38/2 од 26.11.2020 година.*

- *11.111 денари за парична помош за санирање на штети од поплави на фамилија од с. Удово, по Решение донесено од Градоначалник бр.09-64/39/2 од 26.11.2020 година и*

- *6.667 денари за покривање на трошоци за превоз и предстој во дневниот центар за деца со посебни потреби во Гевгелија на фамилија од с. Јосифово, по Решение донесено од Градоначалник бр.09-973/2 од 24.12.2020 година*

## 5. *Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка*

*Одговорниот сметководител потврдува дека завршната сметка за 2020 година е изготвена во согласност со позитивните законски прописи на држава и сите податоци искажени во Годишната сметка се точни и веродостојни.*